# ПОСТАПКА СО СУДСКИ ТЕСТАМЕНТ

# ПРЕДАВАЊЕ,ОТВОРАЊЕ И ПРОГЛАСУВАЊЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА

м-р Катерина Георгиевска



**Тестамент** или **завештание** е еднострана изјава на последната волја на оставителот во однос на неговиот имот.

Формата е пропишана со законот.

Се уредуваат наследно-правните односи.

Оставителот одредува кои лица ќе му бидат наследници и кој дел од оставнината ќе припадне на наследниците по неговата смрт.

Тестаментот претставува еден од основите за повикување на наследство.

Тестаментот е строго личен акт на завештателот.

Изразувањето на волјата на оставителот додека тој е сѐ уште жив во праксата е најдобриот начин за регулирање на наследните односи.

Еднаш направениот тестамент има неограничено временско важење.

Секој основен суд е надлежен за составување на судски тестамент и за чување на тестаментот.

# Предавање на тестаментот на судот

Како и на кој начин ќе биде чуван тестаментот зависи од исклучивата волја на завешттелот.

Завештателот може своерачниот тестамент и судскиот тестамент да му го довери на чување на основниот суд во отворена или затворена обвивка.

Судот ќе состави записник, тестаментот ќе го стави во одделна обвивка, што ќе ја запечати и ќе ја чува во судот.

# Што се постигнува со предавањето на тестаментот на чување во судот

-Да се сочува тестаментот

-Се обезбедува тестаментот

- Во случај на смрт на завештателот, да биде прогласен на пропишан начин.

- Поголема сигурност да се утврди дека тој тестамент потекнува токму од завештателот кој е означен како таков на него,со оглед на формалностите кои се бараат и за предавањето на тестаментот на чување во судот.

# Што се постигнува со предавањето на тестаментотт на чување воо судот

-Тестаментот да биде обезбеден од случајно или намерно уништување,или од фалсификување односно преправање.

- Трети лица да не ја сознаат неовластено содржината на тестаментот се до негово прогласување.

# ПРЕДЛОГ
# ЗА ЧУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ ВО СУД

Се наоѓам на лекување во болница,а бидејќи сум болен со неизвесен исход на лечење составив своерачен писмен тестамент.

Заради сигурност и со желба оваа исправа со мојата последна волја да биде сочувана ,го молам судот да ја прими на чување.

Тестаментот го предавам во затворен плик во бела боја со назнака „Тестамент на...“.

Својот идентитет го докажувам со лична карта бр.....,издадена на ден...од МВР..

Предлагач

i Enskilda Banken i Stockholm samt i min kassakista 59 Avenue Malakoff, Paris; och dels i utestående fordringar, patenter, mig tillkommande patentafgifter eller så kallad royalty, med mera, hvarom utredningsmännen finna uppgift i mina papper och böcker.

Detta testamente är hittils det enda giltiga och upphäfver alla mina föregående testamentariska bestämmelser om sådane skulle förefinnas efter min död.

Slutligen anordnar jag såsom varande min uttryckliga önskan och vilja att efter min död pulsådrorna uppskäras och att sedan detta skett och tydliga dödstecken af kompetente läkare intygats liket förbrännes i så kalladt crematorium.

Paris den 27 November 1895

Alfred Bernhard Nobel

Att Herr Alfred Bernhard Nobel med fullt förstånd och af fri vilja undertecknat detta dokument som han förklarat vara sin yttersta vilja intygas af oss på engång närvarande vittnen.

Sigurd Ehrenborg
f.d. Löjtnant
Paris: 84 Boulevard Haussmann

Thos Nordenfelt
Konstruktör
8 Rue Auber Paris

R. W. Strehlenert
Ingenieur-Civil
4 Passage Caroline

Leonard Hwass
Civil-Ingenieur
Passage Caroline 4 Paris.

Uppvisad vid beskrifning hos Stockholms Rådhusrätts första Afdelning den 9 Februari 1897. Betygar ex officio

[illegible]

Lösen En krona ant. å prot.

[illegible]

N:o 73. År 1897 den 5 Februari uppvist vid vittnesförhör inför Stockholms Rådstufvurätts Sjette Afdelning; betygar ex officio

Jacob Lunders

Lösen En krona ant. å prot.

# Testament

Jag undertecknad Alfred Bernhard Nobel förklarar härmed efter moget betänkande min yttersta vilja i afseende å den egendom jag vid min död kan efterlemna vara följande:

Mina brorssöner Hjalmar och Ludvig Nobel, söner af min Broder Robert Nobel, erhålla hvardera en summa af Två Hundra Tusen Kronor;

Min Brorson Emmanuel Nobel erhåller Tre Hundra Tusen och min Brorsdotter Mina Nobel Ett Hundra Tusen Kronor;

Min Broder Robert Nobels döttrar Ingeborg och Tyra erhålla hvardera Ett Hundra Tusen Kronor;

Fröken Olga Boettger, för närvarande boende hos Fru Brand, 10 Rue St Florentin i Paris, erhåller Ett Hundra Tusen Francs;

Fru Sofie Kapy von Kapivar, hvars adress är känd af Anglo-Oesterreichische Bank i Wien är berättigad till en lifränta af 6000 Florins Ö.W. som betalas henne af sagde Bank och hvarföre jag i denna Bank deponerat 150,000 Fl. i Ungerska Statspapper.

Herr Alarik Liedbeck, boende 26 Sturegatan, Stockholm, erhåller Ett Hundra Tusen Kronor;

Fröken Elise Antun, boende 32 Rue de Lubeck, Paris, är berättigad till en lifränta af Två Tusen Fem Hundra Francs. Dessutom innestår hos mig för närvarande Fyratio åtta Tusen Francs henne tillhörigt Kapital som äges att till henne återbetalas;

Herr Alfred Hammond, Waterford, Texas, United States, erhåller Tio Tusen Dollars;

Fröknarne Emmy Winkelmann och Marie Win-

- Ако сведоците  на усниот тестамент му поднесат на судот писмено во кое  е содржана волјата на завештателот, приемот на ова писмено судот ќе го утврди записнички, а потоа ќе го стави во посебна обвивка и ќе го запечати.

- Кога сведоците на усниот тестамент ќе дојдат во судот за да ја потврдат усно изјавата на завештателот, судот ќе сочини записник кој ќе го стави во посебна обвивка и ќе го запечати.
- При земање на изјави од сведоци,судот настојува да ја утврди изјавата на волјата на завештателот и да ги испита околностите од кои зависи полноважноста на тестаментот.

За предавање на тестаментот во судот се составува записник.

Записникот содржи:

- констатација на кој начин е утврден идентитетот на составувачот на тестаментот кој што го предава на чување во судот,
- Се назначува самиот тестамент што се предава на чување.

**Записник за чување на исправа за устен тестамент __Бр._____**

З А П И С Н И К

Од___________ година Составен пред _________ суд во ________.

Присутни од страна на судот:

Судија___________________ Записничар______________

Кај судот пристапуваат неповикани 1) ______________ од ________ и 2) _________________од_________ како сведоци на усниот тестамент од _______________ од ______________.

Сведоците___________________________ изјавуваат дека согласно одредбите на Законот за наследување составиле писмено во кое се содржи усната изјава, односно последната изјава на волја на завештателот на усниот тестамент ______________ од ___________. Тој својата изјава ја дал на ден ______ година кога пиел чај во Старата скопска чаршија.. каде завештателот добил инфаркт и додека ја чекале брзата помош ја изјавил усно својата последна изјава на волја.

Судот врз основа на член ___ од ЗН ги испитува сведоците под кои околности е даден тестаментот од кој зависи полноважноста на истиот, па според изјавата на сведоците, усниот тестамент на покојниот __________ од _______е составен согласно одредбите за усниот тестамент уредени во ЗН.

По ова судот го прима писменото кое ја содржи усниот тестамент на ________ од ________ го става во посебен плик и го запечатува.

Записничар Сведоци Судија

Судот на подносителот на изјавата ќе му издаде потврда дека исправата е предадена на чување во судот.

Ако тестаментотот, односно исправата за устен тестамент се предава на суд на чиешто подрачје завештателот нема живеалиште,судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чиешто подрачје завештателот има живеалиште.

Тестаментот предаден на чување во судот, како и исправите за устниот тестамент, се чуваат во судот одвоено од другите списи.

Со предавањето на тестаментот на чување на судот, своерачниот тестамент не добива својство на јавна исправа.

Завештателот не е спречен да состави нов тестамент, да го отповика судскиот или своерачниот тестамент,  да ги измени тестаменталните располагања и во време додека тестаментот се наоѓа на чување во судот.

Ако на чување се предава тестамент во отворена или во затворена обвивка , судот тестаментот ќе го стави во посебна обвивка и ќе ја запечати.

Завештателот секогаш може да го отповика тестаментот сè до својата смрт.

На барање на завештателот тестаментот предаден на чување во судот може да му се врати.

За враќање на тестаментот се составува записник.(се назначува начинот на кој е утврден идентитетот на лицето на кое се враќа)

Тестаментот како правно дело mortis causa е отповиклива изјава на волја, така што завештателот може сè до својата смрт целосно или делумно да го отповика.

Отповикувањето на тестаментот претставува исто така последна изјава на волја со која се отповикува претходно дадената изјава на волја.

Во моментот кога го отповикува претходно составениот тестамент, завештателот треба да биде тестаментално способен и својата волја да ја дава без принуда, измама или заблуда.

Според Законот за наследување, завештателот може да го отповика својот тестамент делумно или целосно со изјава дадена во каква и да било форма во која според законот може да се состави тестамент.

Завештателот може да го отповика тестаментот и со уништување на писменото во кое е содржана неговата последна изјава на волја.

# Тестаментот може да се отповика на три начини.

Првиот начин е со изречно искажана волја, односно со правење на тестамент во кој завештателот изречно изјавува дека го укинува претходно составениот тестамент.

Вториот начин е молкум, со уништување на тестаментот или со правење на нов тестамент чија содржина во целост или делумно е спротивна со содржината на порано составениот тестамент.

Третиот начин е со располагање со завештаниот предмет. Завештателот останува сопственик на сите ствари и права сè до моментот на смртта.Тој може по правењето на тестаментот да располага со предметите кои во тестаментот ги завештал на определено лице.

Според законот и судската пракса не е важно со која форма на тестамент завештателот го укинува претходно составениот тестамент.

Пр: Тестаментот е отповикан и во случај кога завештателот со договор за доживотна издршка својот имот го отстапил на лицето кое во тестаментот било одредено како наследник

Завештателот останува сопственик на сите ствари и права кои влегуваат во неговиот имот сѐ до моментот на смртта, така што тој може по правењето на тестаментот да располага со предметите кои во тестаментот ги завештал на определено лице.

**Записник за отповикување на тестамент __Бр.______**

З А П И С Н И К

Од____________ година

Составен пред __________ суд во Скопје.

Присутни од страна на судот: Судија_____________________

Записничар_______________

Кај судот пристапи неповикан __________ од _________, кој изјави дека сака да го отповика својот тестамент даден на Записник кај судот на ден ________ година.

Согласно член____од ЗН, утврдено е дека идентитетот на______ е идентичен со оној како што стои во Записникот од _____ година.

Присутни се и сведоците кои присуствуваа кај судот при составувањето на тестаментот и тоа....., чиј идентитет е утврден како во Записникот од __ година. Завештателот _______ на записник ја даде следнава изјава за

ОТПОВИКУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТОТ

Во целост го отповикувам својот тестамент, даден на записник кај судот на ден_______година. Судот констатира дека завештателот ___________ го отповикува својот тестамент при чиста свест, здрав разум, без закана или присила, и не е видливо дека на тоа отповикување се одлучил затоа што е измамен или се наоѓа во заблуда. Судот одредува отповикувањето да се прибележи на тестаментот кој се чува во судот.

Записничар Завештател Судија Сведоци

- Тестаментот предадена на чување во суд ќе му се врати на подносителот по негово барање.

- За враќање на тестаментот се составува записник.
- Во записникот се означува начинот на кој е утврден идентитетот на лицето на кое му се враќа тестаментот

- Постојат многу законодавства кои имаат Регистар на тестаменти кој овозможува наследниците и надлежните органи да бидат запознаени со фактот дали оставителот има тестамент и каде се наога.

- Според одредбите на Холандскиот граѓански законик,ако тестаментот бил составен пред нотар,нотарот е должен да го извести Централниот регистар  во Хаг дека прогласил одреден тестамент или дека му е предаден на чување тестаментот.
- Во холанското право по смртта на едно лице,нотарот првин е должен да изврши увид во Централен регистар на тестаменти со цел да утврди дали оставителот има составено и оставено тестамент.

- Во Чешката Република сите тестаменти кои се оставени на чување кај нотар или во суд, нотарот или судот  имаат обврска да го извести Централниот регистар во кој се води Регистар на тестаменти.

- Воведување на Регистар на тестаменти е една од позначајните новини кои се воведени со реформите на наследните права.
- Во Европската унија има тенденција за  воведување на таков Регистар во сите држави како дел од процесот на хармонизација на наследното право .
- Европската комисија смета дека е потребно да се овозможи регистрирање на тестаментите од сите држави членки,со цел да се олесни нивното барање и да се избегнат можните злоупотреби,особено во случај тестаментите се направени во друга држава.

Во македонското законодавство постои Регистар на тестаменти,кој се води во Нотарската комора.(Правилник за евидентирање на тестаменти-2019)

Барање за евидентирање на тестамент во Регистарот на тестаменти доставува нотар, суд, адвокат,лица кои составиле тестамент.

Со тоа се обезбедува поголема правна сигурност во областа на наследувањето и се олеснува остварувањето на наследните права на наследниците.

Во пракса се користи правото на составување и оставање на чување на тестамент.

Нотарот кој го составил тестаментот го чува одделно од другите акти.

# Постапка со тестамент

Судот на кого му е предаден или кај кого се чува тестаментот, кога ќе утврди дека неговиот составувач е умрен или прогласен за умрен, е должен да го отвори и прогласи тестаментот, без да го повреди печатот, да го прочита и за тоа да состави записник.

Со тоа тестаментот е прогласен.

Без оглед на тоа дали тестаментот е полноважен според закон и без оглед дали има повеќе тестаменти од истото умрено лице судот е должен да го отвори.



# Отворањето и читањето

Тестаментот што го оставил завештателот му се доставува на судот за да судот го отвори и прогласи.

Отворањето и читањето на тестаментот се врши во присуство на двајца полнолетни граѓани, кои можат да бидат и од редот на наследниците.

Судот, кај кого тестаментот се наоѓа или на кого му е предаден, ќе го прогласи тестаментот и покрај тоа што за расправањето на оставината е надлежен друг суд или странски орган.

При прогласувањето на тестаментот можат да присуствуваат наследниците, легатарите и другите заинтересирани лица и да бараат препис од тестаментот, односно од записникот за прогласување на тестаментот.

За прогласување на тестамент се составува записник, кој го потпишуваат судијата,записничарот и сведоците.

# Записникот за прогласување на тестамент содржи:

- Колку тестаменти се најдени, каде се најдени и кои датуми ги носат;
- Кој го предал тестаментот на судот или на составувачот на смртовницата;
- Сведоци што присуствувале на прогласувањето на тестаментот
- Дали тестаментот е предаден затворен или отворен и со каков печат бил запечатен и
- Содржина на тестаментот.

Фактот што оставината била расправена и било донесено наследно решение не претставува законска пречка да се прогласи усниот тестамент.

Ако помеѓу учесниците настане спор за полноважноста на тестаментот, судот го прекинува расправањето и учесниците ги упатува на спор.

# ЗАПИСНИК ЗА ПРОГЛАСУВЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ

Покојната..на ден... во Основниот суд ..оставила на чување тестамент своерачно потпишан а составен на ден... искуцан на машина, под Р.бр.. Во постапката за прогласување на тестаментот по предметот ..., на рочиштето одржано на ...судот, во присуство на предлагачот ..- внука од сестра на завештателот и тужителите како внуци од братот на завештателот, откако ги прибавил списите на предметот Р.бр.. и тестаментот заведен под овој број, констатирал дека тестаментот е ставен во плав плик и на предната страна од пликот е констатирано Рбр.., а на задната страна има еден восочен црвен печат на средината и четири печати на Основен суд.. Констатирано е дека во тестаментот не е ништо прецртувано, ништо не е направено да има некоја сомнителност, истиот е пишуван на машина за пишување и се состои од една страна. Откако судот го отворил тестаменот без да ги повреди печатите, истиот пристапил кон читање на тестаментот и ставил клаузула на прогласување.

Во тестаментот  е забележано дека покојната при чиста свест и здрав разум го распределила имотот , со желба да нема расправија.. Тестаментот е потпишан од завештателот ..Тестаментот не е напишан рачно туку искуцан.

По прогласување на тестаментот, постапката за расправање на оставината на покојната  била прекината и учесниците упатени да поведат спор со барање за поништување на тестаментот.

Ако при отворањето на тестаментот се забележи дека печатот е повреден или дека во тестаментот нешто е бришано, прецртувано или исправано или ако се најде нешто друго сомнително, сето тоа се наведува во записникот.

.

Прогласувањето на тестаментот е формално процесуално дејствие

На прогласениот тестамент судот ќе стави потврда дека е прогласен, ќе го назначи датумот на прогласувањето и ќе го означи бројот и датумот на другите тестаменти што се пронајдени и прогласени.

Ако покојниот направил устен тестамент, а за тоа постои исправа која сведоците ја потпишале своерачно, содржината на оваа исправа судот ќе ја прогласи на начин пропишан за прогласување на писмен тестамент.

Ако нема таква исправа, сведоците пред кои е изјавен усниот тестамент ќе се сослушаат секој посебно за содржината на тестаментот, а особено за околностите од кои зависи неговата полноважност, па записникот за сослушување на сведоците ќе се прогласи според одредбите што важат за прогласување на писмен тестамент.

Ако учесникот бара сведоците на усниот тестамент да се сослушаат под заклетва или ако судот оцени дека таквото сослушување е потребно, ќе определи рочиште за сослушување на овие сведоци.

На рочиштето се повикуваат и предлагачите, а другите заинтересирани лица само ако со тоа не се одолжува постапката.

# Предлог за сослушување на сведоци при составување усмен тестамент-Од...

Мојата тетка XX починала...

Во последните денови од својот живот,таа беше болна и на ден ...,ги повика  соседите и ги замоли да појдат да повикаат судија бидејќи сака да состави судски тестамент.Во тој разговор таа им соопшти дека се што има сака да го остави на мене,како внук од ќерка кој многу сум и се наоѓал.

Меѓутоа додека дојде судот таа починала.

Предлагам на судот да ги повика наведените сведоци ,да ги сослуша за содржината на тестаментот и за околностите за неговата полноважност,записникот за сослушување на сведоците да го прогласи како што се прогласува тестамент и да го приложи во оставинскиот предмет.

# Записник за прогласување на устен тестамент

ЗАПИСНИК

Од ...година.

Составен во _суд во _ по оставинскиот предмет на покојниот од ___ од _.

Присутни од страна на судот: Судија_________________________ Записничар:

Кај судот пристапуваат сведоците на усниот тестамент на покојниот __ и изјавуваат:

1.Јас .. _ __ на возраст од _ години, не сум во сродство со оставителот, ниту со неговите наследници. На ден ________ година, покојниот ме повика да пиеме кафе во хотелот „Кристал палас и да ја погледнам неговата колекција на пеперутки .Само што почнав да ги разгледувам пеперутките, покојниот силно се возбуди и се струполи на земја без свест. Веднаш се јавив во брза помош. Во меѓувреме, по давањето на вештачкото дишење, покојниот се освести и при чиста свест со повремени болки изјави дека ова му е трет по ред инфаркт и дека сака да ја изјави својата последна волја, во случај да не преживее. На својот син Јане изјави дека му ги остава акциите во вредност од 200 000 евра, неговата семејна куќа на Водно, станот во Солун и малата јахта закотвена во Сивири – Грција. На својата ќерка Ева и ги остава штедните книшки од банките во Кипар и Кајманските острови, со обврска да ѝ плаќа доживотна месечна рента на неговата долгогодишна пријателка Мирјана во противвредност од 5000 евра, колку отприлика имала месечни издатоци. На неговата жена Ана изјави дека не ѝ остава ништо бидејќи сè уште не може да ѝ го прости неверството кое му го направила пред неколку години .

2. Јас _ од __, роден ____________, не сум во сродство со оставителот, ниту со неговите наследници. На ден ________ година, бев на службен пат во соба 211 од хотелот „Кристал палас“ . По одредена силна галама и бука од собата до мене, се слушна женски пискот и викање за помош. Веднаш тропнав на вратата до мене и кога ми отвори сведокот_________ го видов покојниот легнат на креветот целиот зацрвенет и облиен со пот. Додека ја чекавме брзата помош, покојниот со тешко дишење ме замоли како втор сведок да ја посведочам неговата последна волја, во случај да не го преживее својот трет инфаркт. Во таа насока ми изјави дека својот син Јане му ги остава акциите во вредност од 200 000 евра, станот во Солун, малата јахта во Сивир, како и семејната куќа на Водно, додека на неговата ќерка Ева и ги остава штедните книшки од банките во Кипар и Кајманските острови. Ќерката ја задолжи да и плаќа доживотна месечна рента...................

Записничар Сведоци Судија

Кога прогласувањето на писмениот или усниот тестамент го врши суд кој не е оставински суд, тој суд записникот за прогласување на тестаментот заедно со изворниот писмен тестамент, односно со исправата за устен тестамент, ќе му ги достави на оставинскиот суд, а кај себе ќе задржи препис од нив.

Изворниот писмен тестамент и исправата за усниот тестамент, записникот за сослушување на сведоците на усниот тестамент, се чуваат во судот посебно од другите списи, а нивниот заверен препис се приложува кон списите.

Ако писмениот тестамент исчезнал или е уништен независно од волјата на оставителот, а меѓу заинтересираните лица нема спор за постоењето на тестаментот, за формата во која тој е составен и неговата содржина, како и за начинот како исчезнал или бил уништен, судот таквиот тестамент, откако ќе ги сослуша заинтересираните лица и по нивните предлози ќе ги изведе потребните докази ќе состави записник, кој ќе го прогласи според одредбите што важат за прогласување на писмен тестамент.

Кога нема тестамент,а оставината би станала сопственост на Република Македонија, спогодбата на заинтересираните лица за поранешното постоење на тестаментот, за неговата форма и содржина важи само во согласност со надлежниот орган за заштита на имотните права и интереси.

Ако меѓу заинтересираните има лица кои не се способни да се грижат за своите работи, спогодбата важи само со согласност на центарот за социјална работа.

# ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ

Нотарот АБ од Скопје како повереник на Основниот суд..., потврдува дека денес на ден ... година во присуство на наследниците на покојната и сведоците на отварањето на тестаментот, беше отворен и прогласен судскиот тестамент на покојната.....__од______составен од страна на Основниот суд во _______. До денот на прогласувањето на овој тестамент не е пронајден друг тестамент на покојната.

04.04.2018година Скопје

# СУДСКА ПРАКТИКА-Судска одлука

Предлог за прогласување на исчезнат или уништен тестамент Е ОТФРЛЕН
Во предлогот се наведува дека покојната..., починала на ... Неколку години пред смртта составила писмен тестамент пред сведоци, според кој тестамент станот ..во случај на смрт го остава на предлагачот. Родителите на предлагачот биле запознати со овој тестамент и со желбата на покојната да после нејзината смрт станот да му го остави на предлагачот. Поради тоа предлагачот бара од судот да согласно одредбите од чл. 160 од ЗВП и чл. 95 од ЗН, да ги сослуша сведоците и да состави записник со кој ќе го прогласи тестаментот.

Првостепениот суд утврдил дека за покојната не е спроведена оставинска постапка и не е донесено решение за прогласување на наследниците на нејзината оставина. Прогласувањето на исчезнат или уништен тестамент го врши оставинскиот суд, а за покојната не е покрената оставинска постапка, не се познати нејзините законски наследници ниту може да се утврди кои се заинтересирани лица за докажување на постоење на тестаментот .Судот сметал дека во вонпарнична постапка не може да се прогласи исчезнат или уништен тестамент, туку тоа се прави при спроведување на оставинска постапка откако ќе се утврди оставинската маса и законските наследници на покојната во случај ако писмениот тестамент исчезнал или е уништен.

Апелациониот суд укинал -предлогот на предлагачот треба да се врати на негово доуредување со цел да се приложат докази од предлагачот т.е. смртовница која ќе ги содржи наследниците и другите заинтересирани лица.

# СУДСКА ПРАКТИКА

Рев2.бр.297/2018
ГЖ-1361/18
ГЖ-610/22

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Повелете со прашања

